// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 19 | Петок, 14 Декември 2018 | Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул. 11 Октомври бб тел/факс: (+389 43) 364 100 , e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А

1. *Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Капија 2018 година*……………………………………………………………………………………..
2. *Одлука за давање согласност за склучување на договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во ЕЛС Демир Капија*………………………………………………..
3. Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог проектот "**Подобрување на животната средина преку пејзажно и комунално уредување на крајбрежјето на река Бошавица**"...........................................................................................................................................
4. *Одлука за давање согласност за склучување на купопродажен договор за стекнување право на сопственост на градежно земјиште*………………………………………………………
5. *Решение за разрешување и именување на член на Орган за надзор во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија*……………………………………………………………………………
6. *Заклучок за симнување на точка од дневен ред*………………………………………………..
7. *Заклучок за симнување на точка од дневен ред*………………………………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Капија 2018 година**

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Капија 2018 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.12.2018 година.

Број 09 – 998/1
14.12.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/2002 година) ,а во врска член 34 од Законот за Буџети (Службен весник на РМ бр.64/2005,2008) Советот на ЕЛС Општина Демир Капија на сдницата број 15 одржана на 12.12.2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Капија 2018 година**

**Член 1**

Со ова одлука се врши измена за распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Капија за 2018 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограми и расходни потставки | Буџет | Самофинансирачка | Дотации | Донации |
|---|---|---|---|---|
| **К20-МУЗИЧКА И СЦЕНСКО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| **421410**-Горива и масла(моторни возила) | | | -13.400,00 | |
| **401130**-Основни плати – други вработени | | | 12.500,00 | |
| **402110**-Основни придонеси за ПИО | | | 600,00 | |
| **402210**-Основни прионеси за здраство | | | 160,00 | |
| **402220**-Основен придонес за проф.заболување | | | 100,00 | |
| **402310**-Основни придонеси до Агенција за вработување | | | 40,00 | |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на општината за 2018 година а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Капија.

Број 08 – 969/3
12.12.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за склучување на договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во ЕЛС Демир Капија**

Се објавува Одлука за давање согласност за склучување на договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во ЕЛС Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.12.2018 година.

Број 09 – 998/2
14.12.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XV седница одржана на ден 12.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност за склучување на договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во ЕЛС Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ и овластување на Градоначалникот на општина Демир Капија за потпишување на Договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во ЕЛС Демир Капија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Демир Капија, да го потпише Договорот за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во ЕЛС Демир Капија со Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О Демир Капија, заради искористување на грант за успешност по Проект за подобрување на општинските услуги (МСИП проект).

**Член 3**

Договорот од член 1 е составен дел од оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 969/4
12.12.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог проектот-"Подобрување на животната средина преку пејзажно и комунално уредување на крајбрежјето на река Бошавица"**

Се објавува Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог проектот-"Подобрување на животната средина преку пејзажно и комунално уредување на крајбрежјето на река Бошавица", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.12.2018 година.

Број 09 – 998/3
14.12.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 12.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност за финансиско учество во предлог проектот- "Подобрување на животната средина преку пејзажно и комунално уредување на крајбрежјето на река Бошавица"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за сопствено учество во предлог проектот **- "Подобрување на животната средина преку пејзажно и комунално уредување на крајбрежјето на река Бошавица"** во **Програмата за рамномерен регионален развој за 2019 година** и за обезбедени 15% или 1.257.809,00 денари, од потребните средства за реализација.

**Член 2**

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 8.245.635,00 со ДДВ. Финансиската поддршка за реализација на предлог проектот од Бирото за регионален развој изнесува 6.987.826,00 или 85%. Корисниците на Програмата, Центарот за развој на вардарскиот плански регион и Општина Демир Капија во целост се одговорни за реализација на предлог проектот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија"

Број 08 – 969/5
12.12.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за склучување на купопродажен договор за стекнување право на сопственост на градежно земјиште**

Се објавува Одлука за давање согласност за склучување на купопродажен договор за стекнување право на сопственост на градежно земјиште, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.12.2018 година.

Број 09 – 998/4
14.12.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 12 став 1 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/15,98/15,193/15,226/15,31/16,142/16,190/16), Советот на Општина Демир Капија на 15-та седница одржана на ден 12.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност за склучување на купопродажен договор за стекнување право на сопственост на градежно земјиште**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Капија дава согласност за стекнување на правото на сопственост на градежно земјиште на општина Демир Капија за реализација на јавен интерес – дооформување на парцела за потребите на проектот за изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи категории - зграда за социјални станови во Демир Капија, на КП бр.4395/47 за КО. Демир Капија (градежна парцела 1, блок 5 ДУП зона за домување “Игралиште“), согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени,број 0802-566 од 11.11.2015 година, изработен од Геодетски премер ДООЕЛ Кавадарци, со склучување на купопродажен договор со сопственикот на предметното градежно неизградено земјиште и тоа:

• 197 м2 - на КП.бр.4086/1 КО Демир Капија по ИЛ.бр. 2015, на улица Јане Сандански, сопственост на физичкото лице Ливринска Јагода од Скопје.

**Член 2**

Купопродажната цена е утврдена според методологија, правила и стандарди согласно Законот за процена, од овластен проценител согласно Извештај за проценка на недвижен имот од Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци и изнесува 121.155,00 денари.

**Член 3**

Договорот за купопродажба на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука со физичкото лице ќе го склучи Градоначалникот на општина Демир Капија.

**Член 4**

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за обезбедени средства во буџетот на општина Демир Капија за експропријација на градежно земјиште за градење од објект од јавен интерес од локално значење бр.08-936/4 од 26.11.2018 година (“Службен гласник на општина Демир Капија“бр.17/2018)

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 969/6
12.12.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74

од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на член на Орган за надзор во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

Се објавува Решение за разрешување и именување на член на Орган за надзор во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.12.2018 година.

Број 09 – 998/5
14.12.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/2002) и член 131 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17,21/18,198/18), Советот на Општина Демир Капија на 15-та седница одржана на 12.12.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на член на Орган за надзор во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

**1.** Од должноста член на Органот за надзор во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, за вршење на внатрешна контрола на работењето на детската градинка, по сопствено барање, се разрешува:
1) Илија Василев

**2**. За член на Органот за надзор на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, се именува:
1) Благој Јовановски

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 969/7
12.12.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучок за симнување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.12.2018 година.

Број 09 – 998/6
14.12.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Демир Капија на XV седница одржана на ден 12.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За симнување на точка од дневен ред**

1. Точката 3 од предложениот дневен ред-Предлог-Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈОУДГ Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на општина Демир Капија.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 969/8
12.12.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија,

Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучок за симнување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.12.2018 година.

Број 09 – 998/7
14.12.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Демир Капија на XV седница одржана на ден 12.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За симнување на точка од дневен ред**

1. Точката 4 од предложениот дневен ред-Разгледување на барања од физички и правни лица, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на општина Демир Капија.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 969/9
12.12.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---